Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 04-1514/6
15-02-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а согласно член 8-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06,136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13,14/14,30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), Министерот за животна средина и просторно планирање го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**За мирување на постапка за унапедување на 5 (пет) административни службеници во Министерство за животна средина и просторно планирање, Интерен Оглас бр. 1/2024**

1. Започната постапка за унапедување на 5 (пет) административни службеници во Министерство за животна средина и просторно планирање, Интерен Оглас бр. 1/2024 СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ.

2. За продолжување на постапка за унапедување на 5 (пет) административни службеници во Министерство за животна средина и просторно планирање, Интерен Оглас бр. 1/2024, Министерството за животна средина и просторно планирање ќе донесе посебно решение.

**Образложение**

Врз основа на член 48 од Закон за административни службеници, заради пополнување на упразнети работни места во МЖСПП, како и добиеното позитивно мислење од Министерство за финансии број 04/1085/8 од 14.02.2024 година за обезбедени финансиски средства за пополнување на 5 (пет) работни места, МЖСПП до Агенција за администрација на РСМ, на ден 14.02.2024 година достави Известување за објавување на ИНТЕРЕН ОГЛАС бр.01/2024 за унапредување на 5 (пет) административни службеници. Истиот ден на 14.02.2024 година од страна на Агенција за адмнистрација беше објавен интерниот оглас на веб страната на Агенцијата за админстрација со рок за аплицирање до 18.02.2024 година и на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање.

На ден 14.02.2024 година претседателот на Собранието на Република Северна Македонија донесе Решение за распишување избори за претседател на Република Северна Македонија и Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија објевени во Службен Весник на РСМ бр.37/2024.

Согласно горенаведеното а имајки го во предвид член 8-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) се донесе решение како во диспозитивот.

**Министер**
Каја Шукова

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
Shkup
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил/Përpiloi: Misrete Edipi
Согласен/ Miratoi : Државен секретар/ Sekretar shtetëror
Nebi Rexhepi